ПРЕДЛАГАЧ: Влада на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Фатмир Бесими, министер за економија и д-р Методиј Хаџи-Васков, заменик на министерот за економија

ПОВЕРЕНИЦИ: Катерина Костеска, државен секретар во Министерството за економија и Имерали Бафтијари, раководител на Сектор во Министерството за економија.

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

за изменување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, по скратена постапка

Скопје, декември 2009 година

Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр.19-6151/1**
**15.12.2009 година**
**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 17 -12- 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 5295/1 | | |

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 15.12.2009 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за економија и д-р Методиј Хаџи-Васков, заменик на министерот за економија, а за повереници Катерина Костеска, државен секретар во Министерството за економија и Имерали Бафтијари, раководител на Сектор во Министерството за економија.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Васко Наумовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Подготвил: Сузана Пољоска SP
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

*мс/*

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со донесување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија кој влезе во сила на 22 Септември 2003 година, се воведе член со кој се уредува на кој начин Владата на Република Македонија ќе ги обезбедува средствата за основање и почеток со работа на Агенцијата. Во таа насока согласно истиот член Агенцијата потребните средства за реализација на програмата ги обезбедува преку трансфер од Владата на Република Македонија - Министерството за економија, по претходно донесена годишна програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија.
Министерството за финансии, имајќи предвид дека Агенцијата не е корисник на буџетски средства од прв ред, односно потребните средства ги обезбедува преку трансфер од Владата на Република Македонија- Министерството за економија, побара да се дополни Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во смисла на точно уредување (утврдување) на начинот како Агенцијата ќе ги обезбедува средствата за вршење на работите.
Измените на законот ќе овозможат прикажување на средсвата за работа на Агенцијата по намена ,со што ќе се овозможи увид во начинот на трошење на средствата. Имено Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија досега се финансираше со трансфер од Буџетот на Министерството за економија. Воедно, со измените ќе се придонесе и кон зголемување на транспарентноста и одговорноста на трошењето на буџетските средства при реализација на годишната програма.
Имајќи ја предвид горенаведената состојба се оцени дека е неопходно да се изврши усогласување на одредбите на законот со дадените укажувања на Министерството за финансии.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Цели на предложениот закон се поедноставување на законската регулатива со точно утврдена правна рамка како Агеницијата ќе ги обезбеди потребните средства за реализација на годишната програма.

Предлог законот за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија се базира на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Предвидените решенија од законот чие што донесување се предлага се во насока на точно уредување на начинот како Агенцијата ќе ги обезбеди средствата за вршење на работите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување на Законот за основање на агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија не предизвикува дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија. Агенцијата за поддршка на претприемништво и досега користела средства од Буџетот на Република Македонија преку трансфер од страна на Владата на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни средства од буџетот на Република Македонија затоа што оваа измена не повлекува материјални обврски за оделни субјекти кои веќе не се утврдени со постојниот закон. Со Предлог Законот единствено се менува начинот по кој Агенцијата ќе ги обезбеди средствата за вршење на работите.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон согласно член 170 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија ("Службен Весник на РМ" бр. 91/08) овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за подршка на претприемништвото (Службен весник на Република Македонија бр.60 / 03 ) во член 8 став 2 алинеја 1 зборот " трансфер " се заменува со зборот "средства" .

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Весник на Република Македонија" .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со предложените измени во Предлог Законот ќе се овозможи Агенцијата за поддршка на претприемништво средствата за работа да ги обезбеди директно од Буџетот на Република Македонија со оглед на тоа што до сега согласно постојното решение во Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија средствата за вршење на работите од страна на агенцијата се обезбедуваат преку трансфер од страна на Владата на Република Македонија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Поврзаноста е единствено во однос на рокот од кога ќе стапат на сила предложените измени во овој предлог-закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со влегување во сила на измените на законот ќе се овозможи средсвата за работа на Агенцијата да бидат прикажувани по намена за да се овозможи увид во начинот на трошење на средствата на место постоечката состојба согласно која Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија се финансира со трансфер од Буџетот на Министерството за економија.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 8

(1) Средствата за основање на Агенцијата ги обезбедува Владата на Република Македонија.
(2) Агенцијата може да остварува средства за вршење на својата дејност од следните извори:

- трансфер од Буџетот на Република Македонија, по претходно донесена годишна програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија
- приходи од вршење на дејноста
- донации
- други извори согласно закон

(3) Приходите од вршењето на дејноста од став 2 алинеја 2 на овој член Агенцијата ги остварува согласно тарифник.
(4) Тарифникот од став 3 на овој член го донесува Управниот одбор на Агенцијата врз основа на претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот: Предлог на Закон за изменување на законот за основање на агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија | 2. Министерство/ Орган на државна управа: Министерство за економија |
| 3. Цел на предлогот: Промена на начинот на обезбедување средства за реализација на годишните програми на агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ т.е обезбедување на истите директно од Буџетот на Република Македонија. | 4. Вид на предлог: Предлог-закон |
| 5. Контакт лице и звање: Имерали Бафтијари, раководител на Сектор за претприемништво и конкурентност | 6. Контакт тел./факс или е-пошта: Тел.3093-525<br>075/456-068<br>imerali.baftijari@economy.gov.mk |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( ) нова програма<br>( ) зголемување /намалување на постоечка програма | ( )Прераспределба на средства помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9.Цел на барањето / предложената активност: Промена на начинот на обезбедување средства од Буџетот на РМ за реализација на годишните програми на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ

10.Врска со владината програма: Не е предвидено со владината програма

| 11.Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| А.Вкупни трошоци за предлогот: | | | | |
| Плати | 0 | 6.856 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 2.250 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 16.000. | 1.000 | 0 | 0 |
| Вкупно | 16.000. | 10.000 | 0 | 0 |
| В. Одобрени средства за предлогот | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 16.000<br>16.000 | 0 | 0 | 0 |
| С. Промена (разлика) од одобрените средства (В-А) | | | | |
| Плати | 0 | 6.856 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 2.250 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 1.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Нето импликации на средствата на органот (C-D) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>____________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12.Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | | | | |
| 14.Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | | | | |
| 15.Дата на завршување на процената | | | | |
| 16.Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17.Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 22.Одобрено/дата: __/__/____ година<br><br>____________________<br>Потпис на државен секретар | __/__/____година<br><br>Ден /месец /год. | Фатмир Бесими<br>министер за економија<br>________________<br>Потпис на министерот |